

ГАЛЕРИЈА "МИЈАЧКИ ЗОГРАФИ"

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКИОТ ВИДЕО – АРТ

ОКТОМВРИ – НОЕМВРИ 1993





*Видео уметноста во никој случај не може да биде одвоена од севкупната уметничка традиција. Таа е последната алка од долгиот синџир на инспирацијата кој преку експерименталниот филм, фотографијата сликарството и скулптурата допира до изворите на историјата на уметноста. Но, таа уметничка традиција не е исклучива сопственост на уметниците. Таа му припаѓа секому од нас и останува отворена за секој креативен напор независно од етикетата на оној што ќе и се приклучи.*

*Бил ВАЈОЛА*

## ВИДЕО ОСЛОБОДУВАЊЕ

автори: Венко ЦВЕТКОВ Јане ПЕТКОВСКИ
1985 год. 15 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано на Деновите на југословенската ТВ 1986 год. Видео средби во Сараево 1987)

## ВИ-ТИ-ДЕО

автор Патрик ЗАНОЛИ, Франција
1986 год 5 мин
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано на Деновите на југословенската телевизија 1986 год.)

## ВИДЕО ДОПИР

автори Миле ГРОЗДАНОВСКИ Венцислав ВОЈ
ДАНОВСКИ
1986 год 6 мин
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано на Видео фестивалот во Љубљана 1987 Видео средбите во Сараево 1987 Видео презентација Белград 1988 и Денови на југословенската телевизија 1986 година)

## МИКСКО

автори: Драган АБЈАНИЌ Иван ЧУНИХИН
1986 год. 5 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)

## АНА

автори: Иван ЧУНИХИН Драган АБЈАНИЌ
1987 год. 13 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано на Видео фестивалот во Љубљана, 1987. Видео средби во Сараево 1987, Видео презентација во Белград 1988. Презентација на југословенското видео Женева 1988, Видео фестивалот во Оснабрик 1988 год. На Фестивалот на Југословенските ТВ камермани во 1988, снимателот Владо Кузмановски ја добива првата награда за камерата во ова видео)

## CLOSENESS

автори: Александар СТАНКОВСКИ, Христо ПОПОУЧЕВ, Златко ТРАЈКОВСКИ
1987 год. 5,40 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано на Презентацијата на југословенското видео во Женева 1988, во Artice space во Њујорк 1989)

## РОЗА

автор Љубиша ИВАНОВСКИ
1987 год. 5 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)

## КОРЕН

автор Вана УРОШЕВИЌ
1988 год. 12 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)

## АПКАТАСТАТИС

автор Драган АБЈАНИК
1989 5 мин
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано во рамките на ИНФЕРМЕНТАЛ 10)

## ПАТУВАЊЕ

автори Стојан СТОЈАНОСКИ Венцислав ВОЈДАНОВСКИ
1989 год. 10 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)
(Прикажано во рамките на ИНФЕРМЕНТАЛ 10)

## БЕЛИ МУГРИ

автор Венко ЦВЕТКОВ
1990 год. 6,30 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)

## ПРОСТОР XXX/89

автор Петре НИКОЛОСКИ
1989 год. 20 мин.
Продукција МТВ (ТВ Скопје)

## КОКИНО

автори: Александар СТАНКОВСКИ, Драган АБЈАНИЌ, Златко ТРАЈКОВСКИ
1991 год. 45 мин.
Продукција МТВ
(Прикажано во селекциите на Видео фестивалот во Женева 1991 и во Хаг 1992 година)

## КОКИНО II

автори: Александар СТАНКОВСКИ, Драган АБЈАНИЌ, Златко ТРАЈКОВСКИ
1992 год. 90 мин.
Продукција МТВ

Појавата на овие видео остварувања практично е овозможена со почетокот на видео продукцијата во рамките на Редакцијата за култура и уметност на МТВ, тогаш ТВ Скопје, а таа беше иницирана од двете видео манифестации што во 1984 и 1985 година ги организираше Музејот на современата уметност во Скопје. Тоа беа први манифестации од ваков вид кои на многумина им го овозможија блискиот контакт и запознавањето со делата и авторите од светот на уметничкото видео. Вклучена како соорганизатор на овие манифестации и како продуцент на емисија за видео уметноста (ноември 1984, 45 мин, режисер Гоце Петковски, уредник Катица Трајковска) а со стручни консултации и подршка на Билјана Томиќ видео теоретичари Дуња Блажевиќ теоретичар и видео продуцент — Белград ТВ Скопје односно Редакцијата за култура и уметност ги прави првите чекори во видео продукцијата, иницирајќи и овозможувајќи во рамките токму на телевизиската куќа како единствено место со технолошки услови во Македонија да се појават пионерските чекори на она што е составка од насловот на оваа манифестација МАКЕДОНСКО УМЕТНИЧКО ВИДЕО.

Овој период некако коинцидира со светскиот тренд на еволуција на уметничкото видео, авторското видео, видео остварувањето или за многумина уште видео артот. Имено, иако во почетокот уметничкото видео покрај сѐ другото се јавува како реакција и на стереотипноста на тв сликата со крајно отворен и нескриен анимозитет кон така наречените тв империи, голем број автори свесни дека отворената борба може да се замени со постепени промени одвнатре почнуваат да го заборават жестокиот анамозитет и сѐ почесто почнуваат да се свртуваат токму кон телевизиските куќи. Две причини главно ја детерминираат промената на овој став: недостатоците на галарискиот контекст во однос на дистрибуцијата и продукцијата и особено на "новите технологии". Од ден на ден се пософистицирани и се разбира сѐ поскапи тие стануваат практично недофатливи за галериите и музеите, а сѐ поприсутни, нормално во телевизиите. Така, осумдесетите години ќе сведочат за еден голем процут на уметничкото видео, но и за еден нов однос на видео авторите кон телевизијата.

И телевизијата од своја страна, прифаќајќи го постепено ваквиот вид продукции и се разбира особено видео авторите, во некои свои сегменти почнува да го менува сфаќањето во однос на естетиката на самата телевизиска слика, па денес сме сведоци на бројни емисии, рекламни и музички спотови кои слободно можат да се вбројат во она што се нарекува авторска телевизија, продукции во кои јасно се ѓледаат искуствата и истражувањата на видео авторите.

Но, да се вратиме на нашата ситуација. Веднаш по појавувањето на првите авторски видеа во продукција ТВ Скопје, оваа ТВ куќа се јавува и како главен организатор на репризата на меѓународниот видео фестивал "Монбелијар 86", манифестација која под името "Скопје-Монбелијар 86" се одвива цела седмица во присуство на директорот на фестивалот Жан Мари Диар. Гостин на овој фестивал е францускиот видео автор Патрик Заноли кој заедно со екипа на ТВ Скопје и во нејзина продукција го реализира "ВИ ТВ ДЕО" (5 мин.)

Во 1989 година, ТВ Скопје во соработка со Филмската младина на Македонија ја организира Првата интернационална видео колонија на која како гости присуствуваат Кети Хофман, видео продуцент (САД), Том Ван Влит, директор на видео фестивалот во Хаг, (Холандија), Хеике Даксл, директор на видео фестивалот во Оснабрик (Германија) и Лорн Фалк и Мирела Перон (Канада). Учествуваа се разбира видео автори од тогашна Југославија и светот кои реализираа осум видео остварувања и тоа: ЖЕД, автори Марина Гржиниќ и Ајна Шмид 8 мин., (Словенија), ГЕОГРАФИЈА, автори Бреда Бебан и Хрвоје Хорватиќ 8 мин, (Хрватска), ЛИХНИДА, автор Нуша Драган 12 мин., (Словенија), ВЕ МОЛАМ ПРЕКИНЕТЕ СЕ, автор Жан Луј Летакон 12 мин., (Франција), НЕО ГЕО, автор Сречо Драган 6 мин., (Словенија), ВО ОХРИД, автор Нарцис Кантарџиќ 15 мин., (БиХ), СЕДУМ ПЕЧАТИ, автор Хеико Даксл 7 мин. (Германија) и ДЕН, автор Џереми Велш 20 мин., (Велика Британија). На колонијата присуствуваа и видео авторите Далибор Мартинес и Сања Ивековиќ (Хрватска).

Овие дела како блок презентација беа прикажани на фестивалот Оснабрик 1989 година (Германија). Истата година на ТВ Скопје и на овој ист фестивал им е доверена Десетата јубилејна едиција на интернационалната програма од областа на експерименталниот филм и ведео уметноста ИНФЕРМЕНТАЛ 10. Едицијата, која беше финализирана во скопската тв куќа опфати 61 автор од седумнаесет земји во светот, во кои влегоа и авторите Драган Абјаниќ, Венцислав Војдановски и Стојан Стојановски. Уредници на ИНФЕРМЕНТАЛ 10 беа Хеике Даксл, (Германија) и Евгенија Димитриева (Македонија).

Во 1992 година, повторно во организација со Филмската младина на Македонија, ТВ Скопје ја организира Втората меѓународна видео колонија во Скопје. Тројцата поканети автори Кристоф Деринг (Германија), Ив Крофт (Швајцарија), и Анис Бајрактаревиќ (БиХ) ги реализираа своите видео остварувања "ЕКРАН II" 5 мин. ТГА ЗА ЈУГ 12 мин. и SMOOTH OPERATOR 6 мин.

Во рамките на оваа манифестација директорот на Видео фестивалот Андре Итен пред скопската публика направи презентација на наградените видео остварувања од овој фестивал.

Она што секако треба да се спомене по овој повод е учеството што го имаа видео остварувањата на нашите автори на голем број значајни презентации и видео манифестации почнувајќи од просторите на бивша Југославија па сѐ до врвните светски фестивали во Хаг и Женева.

Инаку, набргу по првите видео реализации во скопската телевизиска куќа интерес за реализирање на свои видео проекти пројавија и видео авторите од Хрватска, Бреда Бебан и Хрвоје Хорватиќ. Овој авторски тандем во Скопје ги реализираше двете видеа: СИТЕ НАШИ ТАЈНИ ГИ СОЗДАВА ЕДНА СЛИКА 10 мин. 1987 година и ЗЕМАЊЕ НА ИМЕТО 25 мин. 1988 година.

Од аспект на телевизијата, а во директен контакт со уметничкото видео за значајно го сметам и појавувањето на првите видео минијатури насловени како ЕФЕМЕРИДИ чиј автор е Вана Урошевиќ кои беа составен елемент од емисијата КУЛТУРЕН МАГАЗИН во режија на Васил Ќортошев реализирана во 1987 година. Во овој домен за истакнување е и реализацијата на циклусот од 10 емисии САМО ЕДЕН ЧАС (1992) дизајниран и обликуван од Драган Абјаниќ во кои посебно место зазема неговиот авторски пристап во фрагментите на видео сториите работени според раскази на Д. Солев, В. Урошевиќ, Г. Бошњакоска – Михаилова, Ј. Владова, Х. Петрески, Д. Коцевски. Ова искуство несомнено говори за успешноста на синтезата помеѓу телевизијата како медиум и авторскиот пристап како можност за негова хуманизација.

Во ова претставување на македонската видео продукција, не можам а да не го споменам и придонесот на Небојша Виliќ, историчар на уметност и ликовен критичар кој во рамките на веќе спомнатиот циклус емисии САМО ЕДЕН ЧАС во нашиов простор промовира прикази, осврти, критики, со авторски видео пристап, компатабилни со медиумот низ кој ги изразува своtите ставови.

Уредник на видео продукцијата во Македонската телевизија од самиот почеток е Катица Трајковска, а подоцна како соработник се вклучува и Евгенија Димитриева

"ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКИОТ ВИДЕО АРТ"
видео работилница "видео автори-идеи"
Галерија "Мијачки зографи" во соработка со МТВ
предговор и комесар: КАТИЦА ТРАЈКОВСКА
фотографиите на насловната страна се од видео филмот "Кокино"

спонзори: MBS IBM ALIANCE, "Раде Кончар"
издавач: Галерија "Мијачки зографи"
печати: AN & FA
тираж: 300 примероци